| | |
|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | |
| Предмет: Македонски јазик | |
| Наставно подрачје/тема – Слушање и зборување | |

| содржини и поими | стандарди за оценување | час и датум | Сценарио за час | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| Усно прераскажување, раскажување и опишување<br><br>**(раскажни реченици,**<br><br>прашални реченици,<br><br>потврдни реченици,<br><br>одречни реченици,<br><br>директен говор,<br><br>индиректен говор) | Усно раскажува за вообичаени, доживеани или претстојни дејства со правилна употреба на реченици со :<br><br>сегашно време (*Јас живеам во Кратово.*),<br><br>**минато определено време** (*Поштарот донесе две писма.*)<br><br>идно време (*Утре ќе одам* | 83 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Игра: **Продолжи ја реченицата**: „За време на зимскиот одмор јас....“<br>Учениците се запознаваат со правилата на игра. Наставникот ја запишува реченицата на таблата и прв ја започнува играта.<br>• За време на зимскиот одмор читав книги и слушав убава музика.<br>Неколку ученици се искажуваат што правеле за време на зимскиот одмор со довршување на реченицата.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>На таблата се запишуваат клучни зборови кои ќе произлезат од речениците на учениците, а се поврзани со празниците и обичаите за време на празнувањата.<br>**Нова година, плоштад, огномет, Коледе, оган, гости, Бадник, Божиќ, црква, Василица, планина, книги, фамилија, паричка, прскалици , балони и сл.**<br>Учениците следат насоки за усно раскажување на доживување од распустот со правилна употреба на реченици во минато определено време( без да им се нагласи).Пр.<br>**Со моите родители за Нова година бевме на плоштад. Се сликавме кај големата елка, слушавме музика и пушавме балони....**<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Секој ученик добива или избира по еден збор и на | табла<br><br>креди<br><br>маркер<br><br>хартиени ленти за пишување реченица<br><br>молив<br><br>тегла со налепница:<br><br>РАСКАЗНИ РЕЧЕНИЦИ | Чек листа за следење:<br><br>Одговор на прашања со целосни реченици<br><br>Усно раскажува за доживеан настан со правилна употреба на реченици во минато определено време |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | *во библиотека* | | хартиена лента запишува расказна реченица со печатни букви во која ќе го употреби зборот. Пр. Василица<br>• За Василица мама направи мазник со паричка.<br>Откако ќе ја прочитаат реченицата, ја ставаат во тегла на која пишува расказни реченици.(Можност да се користат речениците и на други часови) .<br>**Рефлексија:**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат , но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

resursi.literatura.mk

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставно подрачје/тема – Литература, изразување и творење | | | | | |
| содржини и поими | стандарди за оценување | час и датум | Сценарио за час | средства | следење на напредокот |
| Анализа на литературни текстови<br><br>(тема, **настан,** лик, време, место) | Одредува настани и нивен редослед во прочитан литературен текст. | 84 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците се насочуваат да замислат дека се наоѓаат во училишниот двор, а надвор паѓа снег. Се раздвижуваат во училницата, ги подигаат рацете кон небото и собираат нежни, бели снегулки.Учениците одговараат на прашања:<br>• Како изгледа снегулката која ви слета на дланката?<br>• Дали долго ќе стои врз дланката? Зошто?<br>• Како се вика покривката на земјата која ја прават снегулките ?<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците се поделени во тројки(тријади). Им се разделуваат пликови во кои имат три ливчиња со дел од текст. Секој ученик избира едно ливче и го чита тивко во себе. Потоа си разменуваат меѓусебе мислење за прочитаниот дел. Одредуваат кој дел е почеток на расказот и ги подредуваат по редослед. Секој ученик го чита делот со цел да проверат дали ги поставиле настаните по правилен редослед.Три ученика (една трија) ги чита деловите, а другите тријади проверуваат дали правилно го подредиле настаните. Се искажуваат и со свои зборови за настаните од расказот подредувајќи ги по редослед. | Пликови<br><br>Три ливчиња со дел од текст за секоја тријада<br><br>Лист со текст за секој ученик | Чек листа за следење:<br><br>Одговор на прашања со целосни реченици<br><br>Одредува редослед на настани во прочитан литературен текст.<br><br>Придонес во активности во тријада |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Завршни активности – изведување заклучок**<br>Секој ученик добива лист со расказот, го читаат хорово и забележуваат број во празните кругови по правилен ред на настаните. 1, 2, 3 (Во времето за други активности учениците можат да го илустрираат расказот)<br>**Рефлексија:**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат , но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| | | |
|---|---|---|
| Имавме голема желба да се лизгаме на снегот. Чекавме да заѕвони училишното ѕвонче. Сите гледавме кон часовникот на ѕидот. ◯ | Денес падна првиот снег. Сите радосни гледавме од прозорецот на училницата. На земјата за брзо се појави снежна покривка. ◯ | Брзо излеговме во дворот. Снегулките летаа како бели мали пеперутки. Ние ги ловевме во рацете и правевме весели човечиња во снегот. ◯ |

| | | |
|---|---|---|
| ◯<br>Денес падна првиот снег. Сите радосни гледавме од прозорецот на училницата. На земјата се појави снежна покривка.<br>◯<br>Имавме голема желба да се лизгаме на снегот. Чекавме да заѕвони училишното ѕвонче. Сите гледавме кон часовникот на ѕидот.<br>◯<br>Брзо излеговме во дворот. Снегулките летаа како бели мали пеперутки. Ние ги ловевме во рацете и правевме весели човечиња во снегот. | ◯<br>Денес падна првиот снег. Сите радосни гледавме од прозорецот на училницата. На земјата се појави снежна покривка.<br>◯<br>Имавме голема желба да се лизгаме на снегот. Чекавме да заѕвони училишното ѕвонче. Сите гледавме кон часовникот на ѕидот.<br>◯<br>Брзо излеговме во дворот. Снегулките летаа како бели мали пеперутки. Ние ги ловевме во рацете и правевме весели човечиња во снегот. | ◯<br>Денес падна првиот снег. Сите радосни гледавме од прозорецот на училницата. На земјата се појави снежна покривка.<br>◯<br>Имавме голема желба да се лизгаме на снегот. Чекавме да заѕвони училишното ѕвонче. Сите гледавме кон часовникот на ѕидот.<br>◯<br>Брзо излеговме во дворот. Снегулките летаа како бели мали пеперутки. Ние ги ловевме во рацете и правевме весели човечиња во снегот. |

resursi.literatura.mk

| | |
|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | |
| Предмет: Македонски јазик | |
| Наставно подрачје/тема – Читање и пишување | |

| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **Сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| Почетно читање<br><br>(глас,<br><br>слог,<br><br>збор,<br><br>едноставна реченица,<br><br>куса реченица,<br><br>азбука) | Во пишан текст препознава зборови и реченица како одговор на прашање во врска со содржината на слушнат текст. | 85 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Група од четири ученици добива задача да извлечат мал предмет од кутија, но не го покажуваат на другите ученици. Друга група од четири ученици влечат од кутија кратки реченици во кои има прашање. Учениците ги читаат прво речениците тивко во себе.<br>Наставникот повикува еден ученик да ја прочита реченицита/прашањето од својот лист. Пр.<br>• Кој има режало во својата ддланка?<br>Одговор на прашањето дава ученик кој има режало во дланката, но со целосна и јасна реченица.<br>• Јас имам режало во мојата дланка.<br>Потоа сите ученици одговараат заедно.<br>• Лена (име на ученикот) има режало во својата дланка.<br>На ист начин се даваат одговори и се откриваат предметите кои ги извлекле учениците.<br>• Кој извлече гума од кутијата?<br>• Каков предмет извлече .....(име на ученик) од кутијата?<br>• Колку цамлии има (име на ученик) во дланката?<br>Извлекување на заклучок - Предметите кои ги извлекоа учениците, како и имињата на учениците ги откривме со поставување на прашања. | Мала кутија<br><br>Мали предмети<br><br>(режало,гума, цамлии, селотејп, лепило и сл)<br><br>4 ленти со прашални реченици<br><br>Учебник<br><br>Тетратка<br><br>Црвена и сина боичка | Чек листа за следење:<br><br>Одговор на прашања со целосни реченици<br><br>Препознава зборови и реченица како одговор на прашање во усно и писмено изразување |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците внимателно слушаат изразно читање на текст „ Каде се моите нешта“ стр. 38.<br>Одговараат на поставени прашања:<br>• Кој е главен лик во текстот?<br>• Каде треба да оди?<br>• Зошто не може да се облече?<br>• Каде била неговата блуза?<br>• Што се наоѓало на полицата за книги?<br>• Каде ги оставил патиките?<br>• Дали успеал на време да стигне на училиште?<br>Наставникот ги истакнува прашалните реченици на Владо на таблата . Дава насоки за читање на текстот. Штом се пронајде прашалната реченица треба да ја потцртаат со сина боичка. Потоа се чита и пронаоѓа одговорот на прашањето и истиот се потцртува со црвена боич-ка.<br>• Каде е мојата блуза?<br>• Еве сум под масата. Ти тука ме фрли.<br>На ист начин се пронаоѓаат прашањата и одговорите од текстот.<br>Наставникот на таблата запишува прашање:<br>• Каде била левата патика?<br>Учениците воочуваат дека такво прашање нема во текстот и го бараат одговорот, па го потцртуваат со црвена боичка.<br>• Левата патика беше зад вратата.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Извлекување на заклучок : Зошто Владо задоцнил на училиште? Која особина одговара на Владо? | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **уреден мрзлив педантен неодговорен вреден**<br>**Рефлексија:**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат , но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

resursi.literatura.mk

| | |
|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | |
| Предмет: Македонски јазик | |
| Наставно подрачје/тема – Слушање и зборување | |

| содржини и поими | стандарди за оценување | час и датум | Сценарио за час | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| Реагирање по слушнат текст<br><br>(невербална и вербална комуникација) | Изговара расказни, прашални и извични реченици со правилна интонација, самостојно и во контекст | 86 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците се насочуваат на внимателно слушање. Наставникот изговара реченица на два различни начини, а учениците треба да откријат кој е правилниот изговор на реченицита.<br>• Кој е дежурен ученик?<br>При изговорот, првиот пат наставникот го крева гласот кај зборот ученик, а вториот пат го спушта гласот.<br>Очекува од учениците да препознаат кое прашање правилно го поставил/изговорил?<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците ги препишуваат потцртаните реченици со сина и црвена боја во тетратките.<br>Ги читаат прашалните реченици( потцртани со сина боичка) со правилна интонација според насоки од наставник (нагласување на прашалниот збор на почеток на реченица и подигање на гласот на крајот од реченицита пред знакот прашалник).<br>• Каде е мојата блуза?<br>• А каде ми се чорапите?<br>• А каде се моите патики?<br>Потоа се читаат одговорите на прашањата и се воочува различната интонација при изговор на расказните реченици.(Се спушта гласот при изговор на зборот пред снакот точка и се прави кратка пауза). | Учебник<br><br>Тетратка<br><br>Квадратни картончиња<br><br>? ! . | Чек листа за следење:<br><br>Одговор на прашања со целосни реченици<br><br>Изговара раскажни, прашални и извични реченици со правилна интонација, |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | • Ти вчера тука не фрли.<br>• Јас сум тука. Под креденецот.<br>• Еве сум под масата. Ти мене тука ме фрли.<br>• Ние сме тука на полицата за книги.<br>Прашање за размислување - Како ќе ја прочитаме правилно реченицата- **Уф, време е за на училиште!**<br>Се извлекува заклучок и за правилен изговор на извична реченица ( се изразува чувствена состојба (возбуда, радост, чудење, страв, лутина. се пишува знак ! и се изговара со повишување на гласот)<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Учениците на квадратни картончиња цртаат прашалник (?), извичник( !) и точка( .) .<br>Наставникот изговара реченица, а учениците треба според интонацијата да откријат каква реченица е искажана. Го креваат картончето со соодветниот знак.<br>• Леле, колку е топло во собата!- (подигаат картонче со знакот !)<br>**Рефлексија:**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат , но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола |
|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | |
| Предмет: Македонски јазик | |
| Наставно подрачје/тема – Слушање и зборување | |

| содржини и поими | стандарди за оценување | час и датум | Сценарио за час | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **Слушање со разбирање** | Ги идентификува ликовите во слушнатиот текст и определува кој (и кога) зборува тивко, умерено или гласно. | 87 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Разговор со учениците за птиците кои остануваат кај нас во зимскиот период - врапче, гавран, галеб и сл.<br>Прашања за размислување - Како се заштитуваат птиците од студ и глад во зимскиот период?<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците внимателно слушаат изразно читање на песна „ Дете и врапче“ од книгата „Палавото зајаче“ од Ненад Џамбазов. Наставникот чита со промена на динамиката (одредени стихови ги чита тивко со цел да ја доживеат содржината, а други погласно) .<br>Одговараат на поставени прашања:<br>• Кој разговара во песната?<br>• Што го прашувало детето сивото врапче?<br>• Зошто плачело врапчето?<br>• Како го охрабрувало детето?<br>• Што ќе правело врапчето во пролет?<br>Учениците добиваат текст од песната и воочуваат во која строфа говори детето, а во која врапчето.<br>Се формираат парови за читање со насоки:<br>Врапче – чита потивко, со умерено темпо (изморено, гладно, исплашено, )<br>Дете - чита погласно, го мотивира и охрабрува врапчето | книгата Палавото зајаче“ од Не над Џамбазов.<br><br>Копија со текст од песната за секој ученик | Чек листа за следење:<br><br>Одговор на прашања со целосни реченици<br><br>идентификува ликовите во слушнат текст<br><br>воочува говор изговорен со различна динамика соодветно содржината |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | дека ќе се грижи за него.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Извлекување на заклучок - Како може да им помогнеме на птиците во зима? (да им поставиме хранилки на дрвјата, куќички и гнезда под строите и сл)<br>https://www.youtube.com/watch?v=dvPuhLC9GjU<br>Може да се проследи следното видео со појаснување од страна на наставникот.<br>**Рефлексија:**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат , но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | Видеобим<br><br>Компјутер<br><br>звучници | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ДЕТЕ И ВРАПЧЕ**<br><br>Врапче сиво<br>што си диво<br>зошто солзи<br>цел ден лееш,<br>ниту леташ,<br>ниту пееш? | Студен ветер<br>земја вее,<br>нема сонце<br>да ме згрее.<br>Нигде пченка,<br>житно зрно<br>небото е<br>темно, црно. | Глад ме мачи,<br>тешко страдам<br>па се чудам<br>што да јадам.<br>Уште два-ти дена<br>мене ќе ме снема. | Не се плаши<br>врапче сиво,<br>пак ќе бидеш<br>итро, живо.<br>Ќе те хранам<br>цела зима,<br>кај нас дома<br>храна има. | А на пролет<br>чик-чи-рик!<br>Пак ќе шириш<br>весел вик. |

resursi.literatura.mk

| | |
|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | |
| Предмет: Македонски јазик | |
| Наставно подрачје/тема – Литература, изразување и творење | |

| содржини и поими | стандарди за оценување | час и датум | Сценарио за час | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| Видови литературни текстови<br><br>(расказ, бајка, басна, драма, песна)<br><br>Анализа на литературни текстови<br><br>(тема, настан, лик, време, место | Наведува некои карак-теристики на песна (стих, строфа, рима).<br><br>Извлекува порака од содржината на едноставна песна | 88 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>https://www.youtube.com/watch?v=9xEKaSDQKRA<br><br>Следење на музичко видео за птиците во зима и учениците изведуваат заклучок која е најголемата желба на птиците.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Читање на песната„Дете и врапче“ и разговор за содржината низ прашања.<br>• За што разговараат детето и врапчето?<br>• Како се чуствувало врапчето? Зошто?<br>• Како ќе му помогне детето на врепчето во зима?<br>• Што ќе правело врапчето во пролет?<br>Учениците прават анализа на песната по дадени прашања:<br>• Од колку строфи е составена песната?<br>• Колку стиха има во првата/втората...петтата строфа? | Видео бим<br><br>Компјутер<br><br>звучници<br><br>книгата Палавото зајаче“ од Ненад Џамбазов.<br><br>Копија со текст од песната за секој ученик | Чек листа за следење:<br><br>Одговор на пра-шања со целосни реченици<br><br>Определува стих, строфа и рима во песна<br><br>Извлекува порака од содржината на песната |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | • Која строфа е најкратка?<br>• Кои строфа е најдолга?<br>Ги пронаоѓаат и ги потцртуваат римуваните зборови во песната .<br>Извлекување на порака од песната - Помогнете им на птиците во зима, а тие ќе ви возвратат со песна.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Рецитирање на песната во парови**.** Ученикот кој ги рецитира строфите на врапчето може да носи хартиена маска од птица.<br>**Рефлексија:**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат , но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | Хартиена маска од птица | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ДЕТЕ И ВРАПЧЕ**<br><br>Врапче сиво<br>што си диво<br>зошто солзи<br>цел ден лееш,<br>ниту леташ,<br>ниту пееш? | Студен ветер<br>земја вее,<br>нема сонце<br>да ме згрее.<br>Нигде пченка,<br>житно зрно<br>небото е<br>темно, црно. | Глад ме мачи,<br>тешко страдам<br>па се чудам<br>што да јадам.<br>Уште два-ти дена<br>мене ќе ме снема. | Не се плаши<br>врапче сиво,<br>пак ќе бидеш<br>итро, живо.<br>Ќе те хранам<br>цела зима,<br>кај нас дома<br>храна има. | А на пролет<br>чик-чи-рик!<br>Пак ќе шириш<br>весел вик. |

resursi.literatura.mk

<table>
<tr><td colspan="4">Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска</td><td colspan="2">ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола</td></tr>
<tr><td colspan="4">Адаптирал: Одделенски наставник:</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td colspan="6">Предмет: Македонски јазик</td></tr>
<tr><td colspan="6">Наставно подрачје/тема – Слушање и зборување</td></tr>
<tr><td>содржини и поими</td><td>стандарди за оценување</td><td>час и датум</td><td>Сценарио за час</td><td>средства</td><td>следење на напредокот</td></tr>
<tr><td>Реагирање по слушнат текст<br><br>(невербална и вербална комуникација)</td><td>Препознава зборови со испуштени или со додадени гласови, со неправилен состав или редослед на гласовите и ги кажува правилно.</td><td>89</td><td>Воведни активности – активирање на предзнаења<br>Учениците добиваат задача да откријат кој збор се крие во АНАГРАМ.<br>Наставникот црта мали слики на таблата, а учениците во својата тетратка:<br>сонце молив елка шал круша облак<br>С М Е Ш К О<br>Под секоја слика треба да ја запишат почетната буква од зборот и се отркрива зборот СМЕШКО.<br>Наставникот дава насока да заменат една буква од зборот, со цел да се добие нов збор.<br><br>СНЕШКО, СМЕШНО, СМЕШКИ<br><br>Главен дел – искуствено учење<br>Секој ученик добива работен лист во кој треба да замени една буква за да добие нов збор соодветен на сликата.<br>Учениците го разгледуваат работниот лист, добиваат дополнителни насоки доколку има потреба и самостојно работат со цел да ги откријат зборовите.<br>Се читаат новодобиените зборови и се објаснува значењето на двата збора (полека- облека).<br>Завршни активности – изведување заклучок<br>Учениците од кутија извлекуваат по еден збор, гласно го читаат и се обидуваат со промена на една буква да добијат и изговорат друг збор:Пр. РАКА- МАКА . Доколку</td><td>Табла<br><br>Маркер/креди во боја<br><br>Тетратка<br><br>Боички<br><br>Работен лист за секој ученик<br><br>
<br><br>Кутија</td><td>Чек листа за следење:<br><br>Одговор на прашања со целосни реченици<br><br>Препознава зборови со испуштени / додадени гласови и правилно ги изговара<br><br>Работен лист</td></tr>
</table>

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | ученикот не може да каже друг збор, се дава помош преку асоцијација.<br>Предлог зборови – бебе(ќебе), пет(лет), мие(пие)...<br>**Рефлексија:**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат , но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот. | Картончиња(ливчиња) со зборови: бебе, пет, мие.... | |







resursi.literatura.mk